Машински факултет
Бр. 02-2216/1
27.08.2009 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во врска со организацијата на студиите од втор циклус, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 27.08.2009 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за признавање студиски обврски на втор циклус студии

### Член 1
На студентите запишани на втор циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, кои претходно завршиле додипломски студии на студиски програми на машински факултет во траење од пет години, пред воведувањето на ECTS, им се признаваат студиски обврски вреднувани со 42 кредити од вториот циклус студии.

### Член 2
На студентите запишани на втор циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, кои претходно завршиле додипломски студии на студиски програми на други факултети од исто или слично стручно подрачје во траење од четири или пет години, пред воведувањето на ECTS, можат да им се признаат студиски обврски вреднувани до 30 кредити од вториот циклус студии.

### Член 3
Признавањето на студиските обврски, односно кредитите ќе се врши со еквиваленција на предметите од завршените додипломски студии со соодветни предмети од студиската програма од втор циклус на која студентот е запишан.

### Член 4
Признавањето на кредитите, односно студиските обврски се врши по поднесено писмено барање од студентот.

Еквиваленцијата на предметите со одлука ќе ја утврдува наставно-научниот колегиум на соодветната студиска програма.

### Член 5
По донесувањето на одлуката за еквиваленција и реализирани 42 кредити, студентот стекнува право да пријави тема за изработка на магистерски труд.

### Член 6
Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: наставно-научните колегиуми, продеканите, секретарот, студентската служба и архивата на Факултетот.

Д е к а н
Проф. д-р Атанас Кочов